Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

јануари 2026 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Реџеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за здравствената заштита се уредуваат системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност.

Согласно законот вработувањето на здравствените работници се врши преку објавување на јавен оглас, во транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност, но самиот закон е контрадикторен при изборот на кандидатот од причина што за работоводниот орган на здравствената установа, законодавецот има делегирано дискреционо право на одлучување кој од кандидатите за вработување ќе го избере за најповолен, занемарувајќи ги претходно утврдените начела на транспарентност, степен на стручност и компетентност на кандидатот, што и се покажа во пракса во многу случаи кадешто често прво рангираните кандидати од ранг листата не беа вработувани.

Постоечкиот член 161 од законот во пракса доведува до нееднаква примена, така што во еден случај се избира прворангираниот кандидат, а во друг случај вториот, третиот итн. поради тоа што работоводните органи на здравсвените установи нееднакво ја применуваат одребата при идентични случаи.

Од таа причина е и донесено Автентично толкување на членот 161 став (1) поради кој всушност се појавува нееднаквоста на пристапот до вработување.

Автентичното толкување пак, дополнително ја потврди дискрецијата на директорот на установата во постапката при избор на кандидат за вработување, и ја продлабочи нееднаквата примена на законот, при што во изминатиот период во јавноста се појавија повеќе случаи каде најдобрите кандидати не беа избрани, а наместо нив се избираа кандидати кои се долу на ранг листата. Изборот се врши спротивно на исполнетоста на законските критериуми на стручност и компетентност, а вака важечката одредба од законот создава дестимулиција кај кандидатите за вработување, кои поради невреднување на нивните професионални компетенции и стручни способности избираат да не конкурираат

на јавните огласи и се одлучуваат за вработување во европските држави, затоа што, законско решение кое создава нееднаквост во пристапот до вработување спротивно на начелата на кои се засновува самиот, доведува до избор на кандидат кој не е најкомпетентен за позицијата за која конкурирал, а државата стимулира излив на медицински кадар – кој е дефицитарен.

Со цел овозможување на еднаков пристап до вработување под еднакви услови, врз основа на стручна подготовка и компетенции за вршење на работата, потребно е да се изврши измена на Законот за здравствената заштита, на тој начин што работоводниот орган на установата ќе биде должен да ги избере најдобрите кандидати на конкурсот, а кои секако ги исполнуваат сите потребни услови за позицијата за која конкурирале. Поради што го предлагаме овој предлог закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог законот се заснова на истите цели и начела како и основниот Закон за здравствената заштита. Предложеното решение ќе овозможи унапредување на начелата на кои се заснова законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република С. Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог на законот за дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка*.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита (Службен весник на РМ бр.43/2012;145/2012; 65/2013; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 101/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 93/2017; 20/2019; 101/2019; 153/2019; 180/2019; 275/2019; 275/2019; 77/2021; 122/2021; 178/2021; 150/2022; 236/2022; 199/2023; 236/2023; 263/2023; 30/2024; 74/2024 и 170/2024) во член 161 став (1) по точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи: „Работоводниот орган мора да го избере најдобриот кандидат согласно редоследот на ранг-листата.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи два члена.

Со членот 1 се дополнува членот 161 став (1) од основниот Закон за здравствената заштита, на тој начин што правото на работоводниот орган на здравствената установа дискреционо да одлучува за изборот на кандидат за вработување, се укинува.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Решенијата предвидени во овој Предлог на закон ќе овозможат ефикасна примена на начелата на потребата од стручност и компетентност за работните позиции за кои кандидатот конкурирал. Со предложеното решение ќе се овозможи избор на најдобриот кандидат за вработување во здравствените установи, а со тоа ќе се врати довербата во здравствените институции и ќе се дестимулира одливот на дефицитарен медицински кадар од државата.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
## ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА
## КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ
(ИЗВОД)

### Одлука за избор

### Член 161

(1) Работоводниот орган на здравствената установа, врз основа на ранг-листа предложена од комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати, доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите, спроведува интервју и донесува одлука за избор на кандидат.
(2) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката преку здравствената установа за чии потреби бил објавен јавен оглас до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(3) Органот од ставот (2) на овој член одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.
(4) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.
(5) Против одлуката донесена од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен незадоволниот кандидат има право на тужба пред надлежниот суд.
(6) По завршувањето на постапката за избор работоводниот орган на здравствената установа и избраниот кандидат склучуваат договор за вработување на здравствен работник, односно здравствен соработник.